Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 98, 15 март 2013 година

март 2013 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област историја на Македонија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти - ударни (џез тапани) на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на мал и среден бизнис" (скрипта) од авторите д-р Елизабета Митрева и м-р Оливер Филипоски од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........42

**ОДЛУКА** за одземање на диплома за завршен втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........45

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........46

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ - УДАРНИ (ЏЕЗ ТАПАНИ) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „ГоцеДелчев“ - Штип на седницата одржана на 17.10.2012 година донесе Одлука 1902-174/36 за распишување на Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – ударни (џез тапани) на Факултетот за музичка уметност.

На 12 февруари 2013 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 1902-41/6 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти –ударни (џез тапани) на Факултетот за музичка уметност во следниов состав:

– вон. проф. м-р Антонијо Китановски, научно-наставна уметничка област џез гитара и џез композиција, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за председател,
– вон.проф. м-р Георѓи Мицанов, научно-наставна уметничка област видови инструменти саксофон, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член и
– вон. проф. д-р Илчо Јованов, научно-наставна уметничка област теорија на музиката и музичка педагогија, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 25.12.2012 г., за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – ударни (џез тапани) се пријави само еден кандидат м-р Александар Секуловски.

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:

кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, пријавениот кандидат ги достави во целост: пријава, диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд- има, потврда за странски јазик – има, кратка биографија, список на трудови/концерти (член 127), уверение за државјанство

***Биографски податоци***

***Едукација***

Магистер по поп и џез тапани, Нов бугарски универзитет (1999-2000), Софија, Бугарија. Дипломирал поп и џез тапани на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија (1996-1999). Летна џез школа на Беркли колеџ за музика, Умбрија, Италија (1997).

***Наставно-образовна дејност***

Од 2007 година работи како доцент по џез тапани на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. На истиот факултет предава широка палета на предмети од областа џез тапани, комбинирајќи ги своите стекнати академски квалификации, но и своето богато практично искуство како активен уметник на светската сцена. Секуловски има изготвено скрипта наменета за усовршување на техниката на изведбата на џез тапани.

Бил рецезент на повеќе наставници на Факултетот за музичка уметност во Штип.

***Наставни активности***

Универзитет „Гоце Делчев" - доцент по џез тапани (2008 -2013)

***Креира и предава на следниве предмети:***

Втор циклус - магистерски студии
- џез тапани,
- ментор.

Прв циклус - додипломски студии
- џез тапани,
- ритам,
- џез ансамбл,
- ментор.

**Предавања / семинари**
- 2012 - Семинар за македонските неправилни ритми, Биг-бенд студио, Торонто Канада.
- 2012 - Воркшоп за македонските неправилни ритми, Лонг енд Меклејд драм центар, Торонто, Канада.

Ментор при изработка на дипломски и магистерски трудови.

***Стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот од 2007 до 2012 година, Секуловски реализираше исклучително голем број концертни настапи на реномирани интернационални фестивали и во признати сали во земјава и во странство. Неговото име се наоѓа на ЦД изданија на домашни и странски куќи, како изведувач. Композитор е на музичката подлога на неколку театарски остварувања.

***Концертни активности***

***Избор од настапи на престижни интернационални фестивали***

1. *Dunya World Music Festival*, Rotterdam, Holland
2. *Sziget Festival*, Budapest, Hungary
3. *Rio Loco*, Toulouse, France
4. *Trento Summer*, Trento, Italy
5. *Bath Fringe Festival*, Bath, England
6. *Balkan Fever Festival,* Vienna, Austria
7. *Skopje Jazz Festival,* Скопје, Македонија
8. *Off Fest,* Скопје, Македонија
9. *Guitar Art Festival,* Belgrade, Serbia
10. *Durham International Brass Festival,* Durham, UK
11. *Lent Festival,* Maribor, Slovenia
12. *Balkan Fever Festival,* London, UK
13. *Berlin Jazz Festival*, Berlin, Germany
14. *Barbican Hall "Blaze festival",* London, UK

***Избор од настапи во престижни концертни простори***

1. "Porgy & Bess", Vienna, Austria
2. "Moods", Zurich, Switzerland
3. "Pizza Express" and "Ronnie Scott's", London, UK
4. "La Belle Villoise", Paris, France
5. "Le Cargo", Caen, France
6. "Bozar", Brussels, Belgium
7. "Quai Des Arts", Argentan, France

***Музички ЦД изданија***

– 2012 – "Boston", Toni Kitanovski jazz band featuring Greg Hopkins, Oscar Salas – SJF Records, Macedonia
– 2011 – "Shukar", Toni Kitanovski&Cherkezi, featuring Bob Stewart and PaquitoEchevaria - ENJA Records, Germany
– 2011 – "El Raval", VasilHadzimanov trio, SJF Records, Macedonia
– 2010 – "Temjanika", PetarRendzov, PR Records, Macedonia
– 2010 – "Shutka my home town", Various artist -- FOSIM, Macedonia / Slovenia
– 2010 – "Make someone happy", Marija jazz quartet, – SJF Records, Macedonia
– 2009 – "Bridal Dream", PetarRendzov, PR Records, Macedonia
– 2009 – "Bosnian Blues", Don Guido & the Missionaries, Chicken Madess Records, Macedonia
– 2009 – Hector Zazou,
– 2009 – "Incubator", Project Zlust, Chicken Madness Records, Macedonia
– 2008 – "Project Zlust and Macedonian Philharmonic Orchestra", Project Zlust, Chicken Madness Records, Macedonia
– 2008 – "Macedonian Girl", Karolina Gocheva, Avalon Records, Macedonia
– 2006 – "SoHoHo", GeorgiSareski& Francesco Bearzatti Quartet, Chicken Madness Records,
– 2006 – "Borderlands", Toni Kitanovski&Cherkezi – ENJA Records, Germany
– 2005 – "Vo Zaborav", Karolina Gotcheva, Avalon Records, Macedonia
– 2005 – "Money Kills You", Ljubojna, BZ Records, Macedonia
– 2001 – "Love is Stronger Than Anything", LiliIvanova, Shinny World Records, Bulgaria
– 2001 – "Doni', Doni Band, Stars Records, Bulgaria
– 2000 – "Archimed", Foltin, Mag Records, Macedonia
– 2000 – "JuzniStrasti", Kanale Grand Band, Art Media Records, Bulgaria
– 1999 – "Kanaleto& Friends" part 2, Kanale Grand band, Art Media Records, Bulgaria
– 1998 – "Kanaleto& Friends" part 1, Kanale Grand band, Art Media Records, Bulgaria
– 2009 – „Џез од Македонија" СЏФ, Македонија
– 2007 – "Beginner's Guide to Eastern Europe", Various Artists - Nacente Records, UK
– 2006 – "Romano Suno – 2", Various Artists - B92 Records, Serbia
– 2006 – "Gypsy Garden – 2", Various Artist – Lola's World Records, Germany
– 2000 – „Македонски документ" 1,2 МРТВ, Македонија

***Театарски претстави / ко-композитор и изведувач***

– 2010 – „Тупаница полна љубов"- Македонски народен театар и Берлински театар „Ноерколн" - Берлин, Германија.
– 2005 – „Ричард III", Народен театар - Битола, Битола, Македонија.
– 2005 – „Космос", Универзална сала театар, Скопје, Македонија.
– 2004 – „Јерма",Народен театар - Битола, Битола, Македонија.
– 2004 – „Франкенштајн", Македонски народен театар - Скопје, Македонија.
– 2003 – „Антигона", Битолски народен театар, Битола, Македонија.
– 2003 – „Парите се отепувачка", Народен театар - Битола, Битола, Македонија.
– 2000 – „Буре барут", Воен театар, Софија, Бугарија.

*Радиоедукативни документарни серии*

- 2006 – Коавтор на циклус емисии за еволуцијата на џез тапаните насловена „Еволуција на џез тапаните - од Њу Орлеанс до денес" - 24 радиоепизоди емитувани на ЏЕЗ ФМ, Скопје, Р. Македонија.

*Награди/ стипендии/ грантови*

- 2004 – Награда за најдобра музика за театарска претстава „Парите се отепувачка", Војдан Чернодрински, Фестивал на драмата, Прилеп, Македонија.
- 2004 – Награда за најдобра театарска претстава „Парите се отепувачка", Фестивал на драмата Војдан Чернодрински, Прилеп, Македонија.
- 2003 – Гран-при за музика во претставата „Парите се отепувака", Фестивал „Славјански венец", Москва, Русија.
- 2002 – Гран-при за најдобра претстава „Парите се отепувака", Фестаивал „Славја", Београд, Србија.
- 1996 – Награда за најдобар тапанар - Поп рок фестивал Скопје, Македонија.
- 1995 – Најдобар тапанар, Поп и рок фест, Битола, Македонија.
- Институт Отворено општество - Стипендија за магистерски студии (1999 - 2000) Софија, Бугарија.
- Отворено општество - Стипендија за додипломски студии - (1996- 1999) Софија, Бугарија

*Стручно-апликативна дејност*

Секуловски е редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити. Секуловски редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Одделот по џез студии при Факултетот за музичка уметност, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев".

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Александар Секуловски детално може да се проследи дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област видови инструменти - ударни (џез тапани) на Факултетот за музичка уметност наведени во членот 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев". Поради претходно наведеното, особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметничкиот совет да го усвои нашиот предлог и кандидатот доцент м-р Александар Секуловски да се избере во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област видови инструменти-ударни (џез тапани) на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Антонијо Китановски, вонреден професор, с.р.**
**М-р Георѓи Мицанов, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Александар Секуловски**

| Реден број | **Наставно - образовна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3. | Позитино рецензирана скрипта од предавања | **8** | |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа | **3x1 = 3** | |
| 16. | Член на комисија за одбрана на магистерска работа | **1** | |
| 25. | Предавања | **38** | |
| 27. | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс | **2** | |
| 30. | Рецезент на соработници и наставници | **1** | |
| | Вкупно поени | **53 од потребни 30** | |

| Реден број | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (настап на концерт во траење од 20 минути)12 x 2 = 24 | | **24** |
| 8. | Одржано предавање по покана, музички настап на официјален концерт (целовечерни солистички концерти)  2 x 3 =6 и 10 x 6 = 60 | **6** | **60** |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/ устно) концерт во земјава и странство (во симфониски оркестар) 1x 1 = 1 | **2** | |
| 21. | Сценско-музички награди | **5** | |
| | Вкупно поени | **97 од потребни 38** | |

| Реден број | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела | **5** | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | **4** | |
| | Вкупно поени | **9** | |

**Вкупно  159**